# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРИЈАВИ ЗА ПРИЗНАНИЕТО „УСПЕШНИ МЛАДИ“ ЗА 2020 ГОДИНА

Признанието го доделува претседателот на Република Северна Македонија како поттик на научноистражувачката мисла и уметничката работа на младите во Република Северна Македонија.

Признанието се доделува за резултати постигнати во текот на 2020 година, во осум (8) категории:

1. Најдобар/а млад/а научник/чка во општествените науки;
2. Најдобар/а млад/а научник/чка во хуманистичките науки;
3. Најдобар/а млад/а научник/чка во природно-математичките и техничките науки;
4. Најдобар/а млад/а научник/чка во медицинските науки;
5. Најдобар/а млад/а иноватор/ка;
6. Млад талент (за ученици и ученички од средните училишта);
7. Признание за постигнат особен успех и за афирмација на инклузијата (за млади со попреченост);
8. Најдобар/а млад/а уметник/чка.

Јавниот повик ги опфаќа сите лица што заклучно со 2020 година навршуваат 35 години, а кои постигнале значајни резултати во соодветната категорија, освен за шестата категорија (млад талент) за која можат да се пријават само ученици и ученички од средните училишта. Кандидадите мора да назначат во која категорија се пријавуваат.

Пријавените кандидат(к)и треба да достават доказ за исполнување на долунаведените услови (за соодветната категорија):

- *за категориите 1-4*: а. Список и копија од објавени научни публикации (во смисла на дефиницијата за „референтна научна публикација“ дадена во Законот за високо образование – „Сл. весник на РМ“ бр. 82 од 8 мај 2018 год.); и/или б. Список и копија од научни книги (авторски монографски изданија) објавени од македонски издавач.
- *за категоријата 5*: а. Копија од сертификат за патенти регистрирани од референтна институција; и/или б. Копија од сертификат или друг официјален доказ од референтна институција за признати значајни резултати во областа на иновациите; и в. Проценка на позитивното влијание на иновацијата во поглед на решавање на одреден проблем и предизвик и во поглед на обемот на целната публика; и г. Економска

скалабилност на идејата, односно колку лесно иновацијата може да се репродуцира (без да се копира), со цел во најкраток можен период да реши што поголем број проблеми и предизвици; и д. Иновацијата не треба да ѝ наштетува на животната средина на каков било начин.

- *за категоријата 6*: а. Копија од сертификат, диплома или друг официјален доказ за постигнати значајни меѓународни и домашни резултати или награди во различни области (вклучувајќи ги и културата и уметноста) и б. Потврда за статус на редовен ученик во средно училиште; и/или в. Препорака од ментор/професор со кој кандидатот/кандидатката работел/а на одредена тематика и покажал/а извонреден успех.
- *за категоријата 7: а*. Вклученост на кандидатот/ката во процесот на инклузивно образование (ученик/чка во училиште, студент/ка на факултет); и/ или б. Постигнат особен успех во образовниот процес; и/или в. Учество во активности во училишната заедница/факултет; и/или г. Остварено влијание на кандидатот/ката во заедницата со активности што ја подигнуваат свеста за инклузијата на лицата со попреченост.
- *за категоријата 8*: а. Список и копија од објавени/изведени уметнички дела (снимки, фотографии и сл.) и б. Список и копија од критички осврти за уметничките дела; и/или в. Список на награди и признанија за уметнички остварувања.

Право на учество имаат сите граѓан(к)и на Република Северна Македонија што ги исполнуваат наведените услови. Горенаведените материјали заедно со биографија и со уверение за државјанство на Република Северна Македонија да се доставаат во еден печатен и еден електронски примерок (УСБ или Wetransfer линк) до Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, или на uspesnimladi@president.mk, најдоцна до 1.11.2021 година. Кандидадите мора да назначат во која категорија се пријавуваат. За подетални информации, обратете се на следната мејл адреса: s.bukla@president.mk, и на телефонскиот број 070 409 181. Препознавајќи ги социо-економските предуслови на поединците како значаен фактор во пристапот и можностите за образование и професионален напредок, со овој повик особено ги охрабруваме сите млади кои припаѓаат на ранливи категории да поднесат апликации за признанието "Успешни млади".

Кабинет на претседателот на Република Северна Македонија
(Комисија за признанието „Успешни млади“)
Вила „Водно“
„Ацо Караманов“33 А
МК-1000 Скопје